ПП бр: 09-29/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав Ана Николоска– претседател, Розана Ванковска и dr. Nexhati Alija– членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со Заклучок ПП бр.09-24/2 од 08.06.2023 година против Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје„ на седница одржана на ден 30.08.2024 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1) Се утврдува дека Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, со ЕМБС 4053397, ЕДБ 4030954259677, жиро сметка бр. 200000830678019, депонент банка: Стопанска банка АД Скопје Е-адреса: contact@usje.mk како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за исполнување на обврските за периодот 03.08.2020 до 03.08.2021 најдоцна до 03.10 2021 година, на начин што известувањето за наведениот период наместо до 03.10.2021 година го доставило на 20.12.2022 година со што, во наведениот период, сторило прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 813.600,00 денари што претставува 0.00082% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

2) Се утврдува дека Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, со ЕМБС 4053397, ЕДБ 4030954259677, жиро сметка бр. 200000830678019, депонент банка: Стопанска банка АД Скопје Е-адреса: contact@usje.mk како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека

концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за периодот 03.08.2021 до 03.08.2022 најдоцна до 03.10.2022 година, на начин што известувањето за наведениот период наместо до 03.10.2022 година го доставило на 20.12.2022 година со што, во наведениот период, сторило прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 150.600,00 денари што претставува 0.00015%. од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

3) Се утврдува дека Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, со ЕМБС 4053397, ЕДБ 4030954259677, жиро сметка бр. 200000830678019, депонент банка: Стопанска банка АД Скопје Е-адреса: contact@usje.mk како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за неможност на исполнување на обврските, на начин што известувањето наместо на 03.03.2022 година кога настанала неможноста за исполнување на обврската го доставила на 20.12.2022 година со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што ќе се изрече санкција - глоба во износ од 572.500,00 денари што претставува 0.00058% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

4) За прекршокот од точка 1), 2) и 3) од ова решение на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, со ЕМБС 4053397, ЕДБ 4030954259677, жиро сметка бр. 200000830678019, депонент банка: Стопанска банка АД Скопје Е-адреса: contact@usje.mk согласно член 27 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15), му се изрекува единствена санкција во износ од 1.536.700,оо денари, што претставува приближно 0.00155% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница УСЈЕ АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

5) Глобата од точка 4) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска

сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за заштита на конкуренцијата, следејќи го исполнувањето на обврските од решението бр. 08-4 од 02.07.2020 година на ден 13.04.2023 година достави допис бр.09-24/1 до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).

КОП по разгледување на наведеното барање, на 08.06.2023 година по службена должност донесе Заклучок ПП бр.09-24/2 за поведување на прекршочна постапка против Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: Цементарница Усје АД) заради неисполнувањето услови, односно обврски од Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата УП бр.08-4 од 02.07.2020 година, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот.

Со Заклучокот за поведување на прекршочна постапка КОП ја задолжи Цементарница УСЈЕ АД, согласно член 40 од Законот, да достави: Податок за вкупно остварени приходи од Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје во 2019 година, пресметани согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот, ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив и Биланс на успех за 2019 година.

Наведениот Заклучок е доставен до Цементарница Усје АД со допис ПП бр.09-24/3 од 21.06.2023 година.
*Со допис, наш ПП бр.09-24/4 од 29.06.2023* Цементарница Усје АД достави одговор на заклучокот.

*Со допис, наш ПП бр.09-24/5 од 20.07.2023* Цементарница Усје АД достави дополнителен одговор на заклучокот.

*Со допис, наш ПП бр.09-24/6 од 28.07.2023* Цементарница Усје АД достави дополнителни информации и документи. Со допис *наш ПП бр.09-24/7 од 28.07.2023* Цементарница Усје АД достави недоверлива верзија на дописот.

*Со допис, наш ППбр.09-24/8 од 08.08.2023* Цементарница Усје АД достави дополнителни информации и документи. Со допис *наш ПП бр.09-24/9 од 08.08..2023* Цементарница Усје АД достави недоверлива верзија на дописот.

*Со допис, наш ПП бр.09-24/10 од 03.10.2023* Цементарница Усје АД достави известување за третата година од периодот на важење на Договорот за снабдување.

КОП на ден 13.06.2024 година донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-29/1.

Наведениот Прелиминарно известување е доставено до Цементарница Усје АД со допис ПП бр.09-29/2 од 13.06.2024 година.

*Со допис, наш ПП бр.09-29/3 од 03.07.2024* Цементарница Усје АД се произнесе по Прелиминарното известување (доверлива верзија). Со допис наш ПП бр.09-29/4 од 03.07.2024 година Цементарница Усје АД доставеи недоверлива верзија од произнесувањето по Прелиминарното известување.

КОП на ден 10.07.2024 година донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-29/5.

Наведеното Конечно известување е доставено до Цементарница Усје АД со допис бр.09-29/6 од 10.07.2024 година.

*Со допис, наш ПП бр.09-29/8 од 19.07.2024* Цементарница Усје АД се произнесе по Конечното известување (доверлива верзија). Со допис наш. ПП бр.09-29/7 од 19.07.2024 година Цементарница Усје АД достави недоверлива верзија од произнесувањето по Конечното известување.

Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:

Од Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 13.04.2023 година, до КОП доставен е допис ПП бр. 09-24/1 со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 3) од Законот.

Во дописот се наведува дека на ден 02.07.2020 година Комисијата за заштита на конкуренцијата донела Решение УП бр.08-4 со кое утврдила дека концентрацијата со која Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, ќе стекне контрола на долгорочна основа согласно член 12 став (1) точка 2) од Законот над Трговско друштво ИД Компани ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, со регистрирано седиште на ул. „Едвард Кардељ“ бр. 18, Кочани по пат на купување на удел, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот во смисла на член 20 став (1) точка 1) од Законот, под услов да се исполнат превземените обврски доставени на 16.06.2020 година, а согласно член 20 став (1) точка 3) од Законот.

Со истото Решение Комисијата за заштита на конкуренцијата наложила обврска подносителот на известувањето - Цементарница УСЈЕ АД, со регистрирано седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 94, 1000 Скопје, да ги исполни во целост Изменетите Обврски преземени пред Комисијата за заштита на конкуренцијата доставени како Прилог 1 кон дописот од 16.06.2020 година, на начин и во роковите утврдени во Изменетите Обврски, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

На ден 16.06.2020 година Цементарница УСЈЕ АД доставила Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремна да ги преземе пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот, односно ги доставила следните изменети обврски:

*„Врз основа на член 19 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010, 136/2011, 41/2014, 53/2016 и 83/2018) („Законот за заштита на конкуренцијата“), Цементарница УСЈЕ АД Скопје, друштво кое што е основано и постои согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Борис Трајковски 94, 1000 Скопје, Република Северна Македонија („Подносителот на Известување“ или „Усје“), со ова ги презема следните изменети обврски („Обврските“) пред Комисијата за заштита на конкуренцијата („Комисијата“) со цел да се овозможи на Комисијата да утврди дека стекнувањето на единствена контрола од страна на Подносителот на Известувањето врз Трговско друштво ИД Компани ДООЕЛ увоз – извоз Кочани, друштво со ограничена одговорност кое што е основано и постои согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Едвард Кардељ 18, Кочани, Република Северна Македонија („ИД Компани“), и, со тоа, и врз зависното друштво целосно во сопственост на ИД*

*Компани, Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново – Облешево, друштво со ограничена одговорност кое што е основано и постои согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на АСНОМ ББ Чешиново, Чешиново – Облешево, Република Северна Македонија („Опалит“) („Концентрацијата“) е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.*
*Комисијата може во секое време да бара информации од Подносителот на Известувањето со цел да го следи ефективното спроведување на Обврските.*
........

*ДЕЛ Б Обврски*

1. *За да се одржи ефективната конкуренција, Усје презема обврски како што следува:*
   1.1. *Усје се обврзува да обезбеди дека, во рок од десет (10) календарски дена од Завршувањето, Шарцем ќе испрати допис со понуда до Стрмош („Допис со понуда“) за склучување договор за снабдување со Стрмош („Договорот за снабдување“) според кој Шарцем  се обврзува да ги купуваод Стрмош Производите на Стрмош, под следниве услови:*
      1.1.1. *Периодот на важење на Договорот за снабдување ќе биде 3 (три) години од потпишувањето.*
      1.1.2. *За времето додека важи Договорот за снабдување, Шарцем ќе се обврзе да ги  купи од Стрмош следните количиниПроизводи од Стрмош годишно: (i) за првата година од периодот на важење на Договорот за снабдување – најмалку 15% од годишните потреби на Шарцем за Производите на Стрмош; (ii) за втората година од периодот на важење на Договорот за снабдување – најмалку 10% од годишните потреби на Шарцем за Производите на Стрмош; и (iii) за третата година од периодот на важење на Договорот за снабдување – најмалку 5% од годишните потреби на Шарцем за Производите на Стрмош;*
      1.1.3. *Шарцем ќе ги набавува од Стрмош Производите на Стрмош по цена од 13,20евра по тон (тринаесет евра и дваесет центи по тон) со следни услови на испорака: DAP Шарцем / Хани и Елезит, вклучувајќи царинска и транспортна документација и сите надоместоци поврзани со извоз на добра од Република Северна Македонија („Цената“).*
      1.1.4. *Стрмош мора обезбеди дека Производите на Стрмош што ги испорачува Стрмош наШарцемго имаат потребниот состав и квалитет за процесот и потребите на производството на Шарцем, земајќи ги предвид општо прифатените пазарни барања и спецификации; и*
      1.1.5. *Стрмош ќе ги испорачуваПроизводите на Стрмош на начин и услови што се договорени со Шарцем за времето додека важиДоговорот за снабдување.*
   1.2. *Нацрт на таквиот Допис со понуда и на Договорот за снабдување е даден овде, како Додаток 1 и Додаток 2, соодветно. Усје бара Комисијата да го разгледа овој нацртДопис за понуда и нацрт Договор за снабдување и да утврди дали неговите услови се фер и комерцијално разумни, дали се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата и дали тие се соодветен одговор на загриженоста на Комисијата во врска со Предложената трансакција, уважувајќи јапритоа уставно загарантираната слобода на претприемништво на Стрмош.*

1.3. *Усје ќе обезбеди дека Шарцемќе испрати ваков Допис со понуда и ваков нацрт Договор за снабдување само откако ќе добие одобрение од Комисијата во форма на Одлуката. Дописот со понуда, заедно со Договорот за снабдување, може да биде доставен на официјалната адреса на е-пошта на Стрмош регистрирана во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.*

1.4. *Усје ќе обезбеди дека таквиот Допис со понуда важи за период од 5 (пет) календарски дена од денот на приемотна таквиот Допис со понуда.*

1.5. *Ако Стрмош го прифати Дописот со понуда, Шарцемќе побара од Стрмош да го испрати нивниот одговор по е-пошта на адреса што ќе ја определи Шарцемво рокот на важење на Дописот со понуда наведен погоре. Усје ќе обезбеди дека Шарцемќе ја извести Комисијата за одговорот на Стрмош во рок од 5 (пет)календарски дена од приемотна одговорот од Стрмош или од истекот на рокот на важење на Дописот со понуда од 5 (пет) календарски дена без да добие одговор од Стрмош. Во меѓувреме, од Стрмош ќе биде побарано да го комплетира нацрт-Договорот за снабдување со потребните детали во врска со Стрмош, без да направи какви било други измени, да го изготви и потпише потребниот број на примероци од Договорот за снабдување (пет (5) идентични примероци) и сите да ги испрати до Шарцем по пошта. Во рок од 5 (пет) календарски дена од приемот на таквите примероци од Договорот за снабдување, Шарцем ќе ги потпише истите, и ќе достави 1 (еден) примерок за Стрмош, 1 (еден) примерок за Усје и 1 (еден) примерок за Комисијата.*

1.6. *Ако Стрмош не одговори во овој рок или ако Стрмош ја одбие таквата понуда на Шарцем или ако Стрмош направи неоправдани измени во нацрт-Договорот за снабдување, ниту Усје ниту Шарцемќе немаат никаква обврска да понудат ваков Договор за снабдување на Стрмош.*

### *Дел В МЕХАНИЗАМ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТ*

2. *Под услов Шарцеми Стрмош да го склучат Договорот за снабдување и зацелото време додека ќе важи Договорот за снабдување, како што е наведено погоре, Усје ќе доставува до Комисијата писмени годишни извештаи во рок од два месеца од крајот на секој 12-месечен период од датум на склучување на Договорот за снабдување во однос на количините на Производите на Стрмош што ќе ги купи Шарцем од Стрмош. Доколку Шарцем не ги набави потребните количини на производи од Стромш, Усје ќе даде детално објаснување за ова во соодветниот извештај.*

### *ДЕЛ Г Клаузула за ревизија*

3. *Комисијата може, во одговор на образложено барање од страна на Подносителот на Известувањето со оправдани причини, да се откаже, да ги измени или замени, во исклучителни околности, обврските содржани во овие Обврски. Поднесувањето на такво барање од страна на Подносителот на Известувањето нема да предизвика суспендирање на примената на овие Обврски и, особено, на суспендирање на течењето на кој било рок во кој треба да се исполни релевантната Обврска.*

…„

Согласно наведените обврски Договорот за снабдување помеѓу Шарцем Ш.П.К, Косово и Стрмош АД Пробиштип бил потпишан на 20.07.2020 (од Стрмош АД), односно на 03.08.2020 (од Шарцем Ш.П.К). Договорот влегол во сила на денот на негово потпишување. Периодот на важење на договорот е 3 години.

Согласно преземените обврски од страна на Цементарница Усје АД, Цементарница Усје АД имала обврска да доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата писмени годишни известувања во рок од два месеца од крајот на секој 12-месечен период од датум на склучување на Договорот за снабдување во однос на количините на Производите кои Шарцем Ш.П.К ќе ги купи од Стрмош АД.
Од оваа обврска произлегува дека Цементарница Усје АД до Комисијата за заштита на конкуренцијата требало да достави:
- Известување за периодот 03.08.2020 до 03.08.2021 најдоцна до 03.10 2021 година
- Известување за периодот 03.08.2021 до 03.08.2022 најдоцна до 03.10 2022 година
-Известување за периодот 03.08.2022 до 03.08.2023 најдоцна до 03.10 2023 година

Цементарница Усје АД на ден 20.12.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставил известување за првата година од периодот на важење на Договорот за снебдување, односно доставил податоци за вкупно набавени количини на туф од Шарцем Ш.П.К за периодот од септември 2020 заклучно со август 2021 година и податоци за количина на набавен туф во наведениот период која Шарцем Ш.П.К го набавил од Стрмош АД.

На истиот ден 20.12.2022 година Цементарница Усје АД доставил известување за втората година од периодот на Важење на Договорот за снебдување, односно доставил податоци за вкупно набавени количини на туф од Шарцем Ш.П.К за периодот од септември 2021 заклучно со август 2022 година и податоци за количина на набавен туф во наведениот период која Шарцем Ш.П.К ја набавил од Стрмош АД. Од доставените податоци видно е дека од февруари 2022 година Шарцем Ш.П.К престанал да набавува туф од Стрмош АД, Во дописот, Цементарница Усје АД навел образложение дека Шарцем Ш.П.К престанал да набавува туф од Стрмош АД поради известувањето на Стрмош АД доставено до Шарцем Ш.П.К дека цената за испорака на туф ќе ја зголеми на 15.2 евра по тон.

Од наведеното е видно дека Цементарница Усје АД не ги доставил известувањата за првата и втората година во рокот наложен со Решението. Имено известувањето за првата година наместо до 03.10 2021 година го доставила на 20.12.2022 година, а известувањето за втората година наместо до 03.10.2022 година го доставила на 20.12.2022 година.

Дополнително, иако во делот на обврските во решението е јасно наведено дека Комисијата за заштита на конкуренцијата може, во одговор на образложено барање од страна на Подносителот на Известувањето (Цементарница Усје АД) со оправдани причини, да се откаже, да ги измени или замени, во исклучителни околности, обврските Усје АД наместо да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата образложено барање со оправдани причини, за откажување, изменување, замена на обврските, поради постоење на исклучителни околности, обврските престанал да ги исполнува од 03.03 2022 година без

да се достави никакво известување/барање до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Известувањето за неможноста за исполнување на обврските Цементарница Усје АД го диоставила до Комисијата за заштита на конкуренцијата во известувањето за втората година, односно на 20.12.2022 година иако обврските престанала да ги исполнува од 03.03.2022 (датум кога Шарцем Ш.П.К. го известува Стрмош АД дека не се во можност да ја прифатат какво било покачување на цената).

Неисполнувањето на некој услов или обврска од решение ,донесено согласно член 20 став (1) точка 3) од Законот, претставува прекршок согласно член 60 став (1) точка 3) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 3), ненавремено доставување на известување за исполнување на обврските за периодот 03.08.2020 до 03.08.2021, е од 03.10.2021 година како датум од кој Цементарница Усје АД Скопје требало да го достави наведеното известување до 20.12.2022 година како ден кога го доставила известувањето.

Согласно член 60 од Законот за сторениот прекршок на Цементарница Усје АД Скопје ќе и се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

При утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

Вкупните приходи на Цементарница Усје АД Скопје остварени во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот како година која претходи на концентрацијата изнесуваат 1.609.778.000 евра[2], односно 98.978.166.196 денари.

---

[2] Консолидиран биланс на успех за 2019 година на Титан Цемент Групацијата – како групација на која припаѓа Цементарница Усје АД Скопје

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Цементарница Усје АД Скопје, како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за исполнување на обврските за периодот 03.08.2020 до 03.08.2021 најдоцна до 03.10 2021 година, на начин што известувањето за наведениот период го доставило на 20.12.2022 година со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 813.600,00 денари што претставува 0.00082% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 3), ненавремено доставување на известување за исполнување на обврските за периодот 03.08.2021 до 03.08.2022, е од 03.10.2022 година како датум до кој Цементарница Усје АД Скопје требало да го достави наведеното известување до 20.12.2022 година како ден кога го доставила известувањето.

Согласно член 60 од Законот за сторениот прекршок на Цементарница Усје АД Скопје ќе и се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

При утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

Вкупните приходи на Цементарница Усје АД Скопје остварени како година која претходи

на концентрацијата изнесуваат 1.609.778.000 евра[3], односно 98.978.166.196 денари.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Цементарница Усје АД Скопје како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за периодот 03.08.2021 до 03.08.2022 најдоцна до 03.10 2022 година, на начин што известувањето за наведениот период го доставило на 20.12.2022 година со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 150.600,00 денари што претставува 0.00015%. од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

3.КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 3), ненавремено доставување на известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за неможност на исполнување на обврските е од 03.03.2022 година, како датум кога Шарцем Ш.П.К. го известува Стрмош АД дека не се во можност да прифатат какво било покачување на цената, до 20.12.2022 година како ден кога Цементарница Усје АД го доставила известувањето до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 60 од Законот за сторениот прекршок на Цементарница Усје АД Скопје ќе и се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

При утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го

---

[3] Консолидиран биланс на успех за 2019 година на Титан Цемент Групацијата – како групација на која припаѓа Цементарница Усје АД Скопје

прилагодува,земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

Вкупните приходи на Цементарница Усје АД Скопје остварени во 2019 година (пресметани согласно член 16 од Законот како година која претходи на концентрацијата изнесуваат 1.609.778.000 евра[4], односно 98.978.166.196 денари.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Цементарница Усје АД Скопје како претпријатие кое во управната постапка бр.08-69 од 2019 (односно 08-4 од 2020), на ден 16.06.2020 година доставило Изменети Обврски до Комисијата за заштита на конкуренцијата кои е спремно да ги преземе и исполни пред Комисијата за заштита на конкуренцијата со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот, а чие исполнување Комисијата за заштита на конкуренцијата го наложила со решение бр.08-4 од 02.07.2020 година, не ја исполнило навреме обврската до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за неможност на исполнување на обврските, на начин што известувањето наместо на 03.03.2022 година кога настанала неможноста за исполнување на обврската го доставило на 20.12.2022 година со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 3) од Законот, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 572.500,00 денари што претставува 0.00058% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница Усје АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

Во произнесувањето по прелиминарното и по конечното известување, Цементарница Усје АД Скопје се повикува на член 21 од Законот за прекршоците, кој гласи:

(1) Кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, глобата може да се ублажи до општиот законски минимум утврден во членовите 26 и 36 од овој закон.

(2) За прекршок извршен под особено олеснувачки околности, за кој е пропишана прекршочна санкција, судот односно прекршочниот орган може да го ослободи сторителот од прекршочна санкција ако сторителот сам го пријави прекршокот пред истиот да биде откриен или ако до завршувањето на прекршочната постапка ја врати одземената корист на оштетениот, ја надомести штетата или на друг начин ги надомести или поправи штетните последици на прекршокот.

Согласно наведениот член 21 став (2), Цементарница Усје АД Скопје бара КОП да ја разгледа можноста истата да биде ослободена од прекршочна санкција.

КОП го разгледа барањето и истото не го усвои, поради тоа што наведените прекршоци согласно член 60 од Законот се дефинирани како - Потешки прекршоци во постапка за

---

[4] Консолидиран биланс на успех за 2019 година на Титан Цемент Групацијата – како групација на која припаѓа Цементарница Усје АД Скопје

оценка на концентрации, како и со оглед на фактот дека прекршоците се однесуваат на ненавремено исполнување на обврски кои самата Цементарница Усје АД ги презела пред Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 27 став (1) од Законот за прекршоците - Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Согласно член 27 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП на Цементарница Усје АД Скопје согласно член 27 од Законот за прекршоците, и изрекува единствена санкција во износ од 1.536.700,оо денари, што претставува приближно 0.00155% од вредноста на вкупниот годишен приход на Цементарница УСЈЕ АД Скопје остварен во 2019 година како година која и претходи на концентрацијата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Претседател
Ана Николоска